# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период јануари - септември 2020 година

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-септември 2020 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2020 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-септември 2020 година изнесуваат 7.187.131 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 11%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 96%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2019 година бележат пораст од 9%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-септември 2020 година изнесуваат 9.226.036 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 10%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2019 година бележат пораст од 8%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-септември 2020 година изнесуваат 6.245.330 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 11%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-септември 2020 година изнесуваат 8.235.882 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 9%.

**Дивиденда**

На 6 април 2020 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2019 година, во износ од 515.287 илјади денари, односно 324 денари нето за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари-септември 2020 година изнесуваат 1.178.727 илјади денари и се поголеми за 96% во однос на истиот период од 2019 година.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 30.09.2020 година изнесуваат 1.296.701 илјади

**Вработени**

Во периодот јануари-септември 2020 година во „Алкалоид“ се реализирани 175 нови вработувања во Р.С.Македонија. На крајот на септември 2020 година во „Алкалоид“ во земјата работат 1.822 вработени, додека во друштвата и во претставништвата во странство има вкупно 536 вработени или вкупно 2.358 вработени во групацијата. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2020 година беше одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор на вработените во компанијата, во висина од 29.687 денари бруто, односно 26.718 денари нето.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-септември 2020 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **20/19** |
| Домашен пазар | 2.215.221 | 32 | 2.067.009 | 33 | 107 |
| Странски пазар | 4.684.979 | 68 | 4.238.468 | 67 | 111 |
| **Вкупно:** | **6.900.200** | **100** | **6.305.477** | **100** | **109** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **20/19** |
| **Домашен пазар** | **3.139.042** | **35** | **2.867.199** | **35** | **109** |
| Југоисточна Европа | 2.987.944 | 33 | 2.705.441 | 33 | 110 |
| Русија и други земји во ЗНД | 714.263 | 8 | 739.606 | 9 | 97 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.839.272 | 21 | 1.744.260 | 21 | 105 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 248.579 | 3 | 209.587 | 3 | 119 |
| **Вкупно странски пазари** | **5.790.058** | **65** | **5.398.894** | **65** | **107** |
| **Вкупно:** | **8.929.100** | **100** | **8.266.093** | **100** | **108** |

Од вкупните консолидирани продажби, 65% се остварени на странските пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во Чешка (раст од 43%). Албанија бележи раст од 36%, Романија раст од 30%, Грузија раст од 15%, Ерменија раст од 15%, САД раст од 14%, Словенија раст од 12%, Србија раст од 12% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **20/19** |
| Антибиотици | 1.203.756 | 13 | 1.213.770 | 15 | 99 |
| ОТЦ препарати | 2.007.122 | 22 | 1.832.705 | 22 | 110 |
| Кардиолошки препарати | 1.344.451 | 15 | 1.278.094 | 15 | 105 |
| Невролошки препарати | 1.232.491 | 14 | 1.100.020 | 13 | 112 |
| Останати линии | 822.765 | 9 | 740.514 | 9 | 111 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **6.610.585** | **74** | **6.165.103** | **75** | **107** |
| Трговска стока | 981.521 | 11 | 875.277 | 11 | 112 |
| Услуги и останати приходи | 41.782 | 0 | 34.792 | 0 | 120 |
| **Вкупно Фармација** | **7.633.888** | **85** | **7.075.172** | **86** | **108** |
| **Вкупно Хемија** | **229.210** | **3** | **206.045** | **2** | **111** |
| **Вкупно Козметика** | **738.566** | **8** | **693.913** | **8** | **106** |
| **Вкупно Билкарство** | **327.436** | **4** | **290.963** | **4** | **113** |
| **Вкупно:** | **8.929.100** | **100** | **8.266.093** | **100** | **108** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 20/19 |
| Единечна ЕБИТДА | 1.474.095 | 21 | 1.308.827 | 21 | 113 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.547.990 | 17 | 1.337.474 | 16 | 116 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 20/19 |
| Единечна Нето добивка | 846.141 | 12 | 764.836 | 12 | 111 |
| Консолидирана Нето добивка | 847.483 | 9 | 738.605 | 9 | 115 |

Остварената единечна нето-добивка во 2020 година изнесува 846.141 илјади денари и во споредба со остварената во 2019 година бележи зголемување за 11%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2020 година изнесува 847.483 илјади денари и во споредба со остварената во 2019 година бележи зголемување за 15%.

**Бизнис-план за 2020 година**

Бизнис-планот за 2020 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на Седницата одржана на 27.12.2019 година, предвидува инвестирање на околу 14% од консолидираните приходи од продажбите во материјални и во нематеријални средства, раст од најмалку 7% на консолидираните продажби во однос на 2019 година, како и раст од најмалку 7% на консолидираниот профит пред оданочување во однос на 2019 година.

**Очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и новонастанати ризици, генерирани од пандемијата на COVID 19. Ние во „Алкалоид“ преземедовме голем број мерки во досегашниот период, со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози здравјето на вработените и успешното работење на друштвото. Во текот на вториот и третиот квартал дојде до одредено балансирање на нивото на залихите кај нашите купувачи, како и до стабилизирање на порастот на приходи од продажби. Во претстојниот период, врвен приоритет и понатаму останува грижата за здравјето на вработените, како и одржувањето на тековната ликвидност и на финансиската стабилност. Како резултат на преземените мерки очекуваме резултатите од работењето на друштвото до крајот на годинава да се движат во рамките на веќе зацртаните плански цели за 2020 година.